Наративен извештај за јуни 2019 година

- Кабинет на Директорот на Јавното претпријатие за државни патишта, Зоран Китанов

Директорот на ЈП за државни патишта во рамките на своите работни обврски го организира и раководи процесот на работењето, како и работата на претпријатието.

Во текот на месец јуни 2019 година, Директорот на ЈП за државни патишта имаше интензивна агенда на активности, а сè со цел остварување на Годишната програма за изградба, реконструкција, рехабилитација, одржување и заштита на државни патишта за 2019 година.

Јавното претпријатие за државни патишта беше домаќин на Работилницата во склоп на Проектот за техничка помош за изработка на упатство за проектирање на патишта отпорни на климатски влијанија за Јавното претпријатие за државни патишта. Воведно обраќање имаше Директорот на Јавното претпријатие за државни патишта, додека пак за проектните цели и клучните резултати од истражувањето и вовед во Упатството го презентираа консултантите на проектот, односно лидерот на проектот г-динот Џон Вајт од ИМЦ. На Работилницата меѓу другите учествуваа професори од Градежен факултет, локални експерти, како и вработени во ЈП за државни патишта. Проектот е финансиран од Светска Банка за изработка на Упатство за проектирање на државни патишта отпорни на климатски влијанија.

За Агенцијата Мета беше направено интервју, при што беа опфатени повеќе теми од областа на најважните проекти во патната инфраструктура.

На Магистралниот пат А4 делница Штип - Радовиш, беше направена посета за текот на градежните активности, од страна на

Директорот на ЈП за државни патишта, Зоран Китанов и Министерот за транспорт и врски, Горан Сугарески. Рехабилитацијата на оваа делница е со должина од 21 км. и вкупна вредност од 2,4 милиони евра, кои средствата се обезбедени од Европска Банка за обнова и развој. Градежните работи се во тек, започнато е со прв слој на асфалтирање, додека пак со вториот слој на асфалтирање ќе се започне за десетина дена и истиот ќе биде завршен до крајот на месец август 2019 година.

Во рамките на француско – македонската соработка, Амбасадата на Франција и Јавното претпријатие за државни патишта, беше организирана Работилница која што беше посветена на високотехнолошките придобивки во областа на патната инфраструктура, при што француските експерти имаа можност своето искуство и технолошки достигнувања да го споделат со македонските компании кои се вклучени во областа на патниот сектор. Работилницата ја отворија Директорот на Јавното претпијатие за државни патишта, Зоран Китанов и Амбасадорот на Франција, Н.Е. Кристиан Тимоние.

Од страна на Директорот на ЈП за државни патишта, Зоран Китанов и Министерот за транспорт и врски, Горан Сугарески, направен беше теренски увид на Регионалниот пат Р1305 Битола – Демир Хисар. Делницата е со должина од 10 км., средствата се обезбедени од Светска Банка, во износ од 1 милион евра. Градежните работи се во тек, започнато е со асфалтирање на патот.

Во истиот состав, направен беше увид на Санацијата на мостовите на река Вардар и над Железница на регионалниот пат Р1103, делница Лакавица – Неготино. Санацијата на двата моста чини 2,24 милиони евра, средства кои се обезбедени од Јавното претпријатие за државни патишта. Со санацијата на мостовите е предвидено да се изврши комплетно зајакнување на долниот

строј, како и да се постави нова заштитна одбојна ограда од двете страни.

Бројни состаноци беа одржани со компании, фирми, министерства, јавни претпријатија, како и средба со граѓани, како дел од секојдневните обврски и активности на работата на Директорот на ЈП за државни патишта.